УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ
STREPSILS®/ СТРЕПСИЛС®
+ ПЛУС

Пастили со анестетик
Amylmetacresol 0.6mg
2,4-Dichlorobenzyl alcohol 1.2mg
Lidocaine hydrochloride 10mg

Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за Вас.
Овој лек се издава без рецепт за третман на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате лекот Стрепсилс + Плус Анестетик, претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт, ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест се влошат или не се подобрат, тогаш мора да појдете на лекар.*

Упатството за пациентот содржи:

1. Што претставува Стрепсилс + Плус и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да го употребите Стрепсилс + Плус
3. Како да го употребувате Стрепсилс + Плус
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Стрепсилс + Плус
6. Дополнителни информации

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СТРЕПСИЛС + ПЛУС И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Стрепсилс + Плус, пастилите содржат активни компоненти: Amylmetacresol, 2.4-Dichlorbenzyl alcohol и Lidocaine hydrochloride 10mg. Amylmetacresol и 2.4-Dichlorbenzyl alcohol се благи антисептици кои ги убиваат бактериите поврзани со инфекциите на усната празнина и грлото. Lidocaine е локален анестетик кој брзо ја намалува болката.
Стрепсилс + Плус пастилите се користат за симптоматско олеснување на болка при инфекции на уста и грло, вклучително и тешки облици на болно грло.

2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ, ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ СТРЕПСИЛС + ПЛУС

Немојте да ги употребувате Стрепсилс + Плус пастилите:
- ако сте алергични (пречувствителни) на активните состојки или на било која друга состојка на лекот (види дел 6 - Дополнителни информации).
- ако имате историја на алергија на локални анестетици
- ако Ви кажале дека имате или можеби имате ретко заболување на крвта наречено метхемоглобинемија
- ако имате астма или бронхоспазам (отежнато дишање)
- кај деца под 12 годишна возраст
- доколку сте бремени или доите, освен под лекарски надзор

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Бидете посебно внимателни со Стрепсилс + Плус, ако:
- сте бремени или доите
- лекарот Ви кажал дека сте нетолерантни на одредени шеќери
- имате астма. Консултирајте се со Вашиот лекар пред употреба.
- консултирајте се со Вашиот лекар ако симптомите перзистираат после 3 дена или се придружени со висока температура или главоболка или ако нешто невообичаено се случи.

Една пастила содржи 1.05 g глукоза и 1.5 g сахароза. Ова треба да се земе во предвид кај пациенти со дијабетес.

Употреба на други лекови
Не постојат клинички значајни интеракции со Стрепсилс + Плус пастилите.
Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

Бременост и доење
Ако сте бремени, мислите дека сте бремени или ако доите, советувајте се со Вашиот лекар пред да го земете овој лек.
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт, пред да земете било каков лек.

3. КАКО ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ СТРЕПСИЛС + ПЛУС

Лекот е наменет само за краткотрајна употреба. Се препорачува употреба на најниска доза во тек на најкраток период потребен за ослободување од симптомите.
За перорална употреба.
Возрасни, постари пациенти и деца над 12 години: Една (1) пастила полека се растопува во уста на секои 2 часа, по потреба. Да не се земаат повеќе од 8 пастили во тек на 24 часа.
Не се препорачува за деца помали од 12 години.
ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Немојте да земате поголема доза од препорачаната!

Ако сте земале поголема доза од лекот Стрепсилс + Плус отколку што треба
Ако сте земале поголема доза од лекот Стрепсилс + Плус отколку што треба, може да почувствувате поспаност или гадење. Ако сте земале поголема доза веднаш треба за се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт, дури и ако се чувствувате добро.

Ако сте заборавиле да го земете лекот
Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза. Пастилите треба да се употребуваат само доколку е потребно. Доколку имате други прашања во врска со употребата, посоветувајте се со Вашиот фармацевт.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и Стрепсилс + Плус може да има несакани дејства, иако не се јавуваат кај сите.
Можни се помалку чести реакции на алергија (пречуствителност) на лекот.
Ако дојде до појава на пречувствителност на лекот на пример појава на исип, болка во стомакот, гадење или нелагодност во устата прекинете ја употребата на лекот и консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.
Ако некое несакано дејство стане сериозно или ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Пријава на несакани дејства
Ако дојде до појава на било кое несакано дејство информирајте Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра. Ова се однесува и на можни несакани дејства кои не се наведени во ова упатство. Несаканите дејства можете и директно да ги пријавите во Националниот Центар за Фармаковигиланца на РМ (http://www.farmakovigilanca.mk/). Со пријавување на несаканите дејства помагате да се дојде до повеќе информации за безбедноста на овој лек.

5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА СТРЕПСИЛС+ ПЛУС

ЛЕКОТ СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!
Да се чува на температура до 25°C

Лекот на смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не смеат да се исфрлаат во домашен отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржат Стрепсилс + Плус пастилите
Секоја пастила содржи активна компонента:

Amylmetacresol BP	0.6 mg
2.4-Dichlorobenzyl alcohol HSE	1.2 mg
Lidocain hydrochloride	10 mg

Помошни супстанции: винска киселина, натриум сахарин, левоментол, масло од питомо нане, масло од анасон, боја quinoline yellow (E104), боја indigo carmine (E132), течна сахароза и течна глукоза.

Како изгледа лекот Стрепсилс + Плус и содржина на пакувањето
Светло плаво/зелена кружна пастила, со ознаката за брендот Стрепсилс, втиснатата на двете страни. Секое пакување содржи 16 пастили.

Производител
Reckiit Benckiser Healthcare International Limited Nottingham Обединето Кралство

Носител на одобрение за ставање на лек во промет
ЗЕГИН ДОО Скопје Ул.Народен Фронт бр. 5/3-1 1000 Скопје, Република Македонија
Тел 02 3 241 600

Начин на издавање на лекот
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР).

Одобрение за пуштање во промет на лек
15-4122/14

Датум на последна ревизија на упатството за пациентот
Мај 2017

